[redacted]

ИП1 бр.15-268
08.11.2024г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, врз основа на член 33 од Законот за инспекциски надзор во животната средина ("Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), член 200 став (2) од Законот за животната средина ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 171/2022), по извршениот вонреден инспекциски надзор на 07.11.2024 год. во деловното седиште и инсталацијата за третман на отпадни моторни масла, сопственост на правниот субјект ДПКМУ. Аргеад ДООЕЛ Скопје, лоциран на ул. 115 бр.112, во И.З. Ќојлија во општина Петровец застапувано од управителот Теон Станковски, а во врска со Годишниот извештај за животна средина за А-ИЕД, а заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот за констатација ИП1 бр.15-268 од 07.11.2024г. донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Се задолжува правниот субјект ДПКМУ. Аргеад ДООЕЛ Скопје, со деловно седиште и инсталација за третман на отпадни моторни масла, лоцирани на ул. 112 бр.217, во И.З. Ќојлија во општина Петровец застапуван од управителот Теон Станковски :

- Да достави информација за своето работење поврзана со влијанието врз животната средина, односно Годишен извештај за животна средина за инсталации со А-ИЕД за 2023 год. до надлежниот орган Управа за животна средина во Секторот индустриско загадување и управување со ризик при МЖСПП, согласно чл.111 од Законот за животна средина.
- Рок за отстранување на недостатоците е 60 (шеесет) дена од приемот на решението.

Доколку Државниот инспектор за животна средина утврди дека не се постапува согласно Решението, согласно член 200 став (4) од Законот за животната средина и не се отстранат причините настанати со донесувањето на решението, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот орган или суд.

Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина
Скопје

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

Државниот инспекторат за животна средина преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев, со службена легитимација бр. 06-0012, на ден 07.11.2024 год. изврши вонреден инспекциски надзор во деловното седиште и инсталацијата за третман на отпадни моторни масла, сопственост на правниот субјект ДПКМУ. Аргеад ДООЕЛ Скопје, лоциран на ул. 115 бр.112 во И.З. Ќојлија во општина Петровец субјект, при што констатира дека ДПКМУ. Аргеад ДООЕЛ Скопје нема доставено информација за своето работење поврзана со влијанието врз животната средина, односно Годишен извештај за животна средина за инсталации со А-ИЕД за 2023 год. до надлежниот орган Управа за животна средина во Секторот индустриско загадување и управување со ризик при МЖСПП, што е спротивно на чл.111 од Законот за животна средина.

Поради горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до **Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.**

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 15-268 од 08.11.2024 год.

Доставено до :

- Архива
- ДПКМУ. Аргеад ДООЕЛ Скопје
  Ул.21 бр.8, Илинден

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Мите НАЧЕВ